# ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

ProArts Fest '03 11-15.11.2003

**На едно место и во исто време (Музеј на современа уметност - Скопје) се случуваа настани од различни области на уметноста, така што наедно постоеше можност за едуцирање, забавување и дружење**

Од 11.11. до 15.11. 2003 година во Музејот на современа уметност - Скопје се одржа вториот по ред ПроАртс Фестивал - фестивал на македонската современа уметност. Продуцентската компа-


*Ричард Милошевски*

нија ПроАртс од Скопје (под раководство на Б. Ѓорчевски) со овој Фестивал ја продолжува својата стратегија, а тоа е поддржување и презентирање на младите уметници од различни области на уметноста, оддржување курсеви, работилници и обуки, како и анимирање и запознавање на публиката со рецентната состојба со „младата“ уметност во Македонија.

Во рамките на ПроАртс фестивалот се одржаа работилници за: моден дизајн - раководена од Никола Ефтимов; и графички дизајн - Александар Колев, која се одржа во „Детра - едукативен центар“. Беше планирано и одржување на работилница за арт менаџмент, која поради големиот интерес се одложи за месец декември, а предавач ќе биде проф. д-р Мартин Панчевски. По завршувањето на работилниците треба да бидат доделени сертификати на учесниците.

Аналогно на една од основните дејности на оваа продуцентска компанија - филмот, на Фестивалот беа прикажани и голем број експериментални краткометражни филмови од студентите на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Програмата за српските low-fi видеа и француските краткометражни експериментални филмови е одложена по Фестивалот. Од оваа дејност, на последниот ден од овој Фестивал беше прикажан и филмот „Тетовирање“, во режија на Стале Попов.


*Тања Таневска*

Во рамки на дејноста во ликовната уметност беше организирана ревијална изложба на сите оние ликовни уметници кои се наоѓаат на страниците на веб-сајтот на ПроАртс (www.proarts.com.mk) и тоа: Марија Марковска, Микица Трујкановиќ, Мариа Павловска, Страхил Петровски, Гордана Даутовска Поповска, Марина Цветановска, Емилија Божиновска, Дијана Томиќ Радевска, Вана Урошевиќ, Маргарита Киселичка, Тања Таневска, Олгица Антовска, Васка Дудин, Марјана Костојчиновска, Филип Даскаловски, Ричард Милошевски и Радмила Ончевска. Кон оваа изложба беа приклучени и дела од стрип уметноста: Александар Сотировски, Марјан Камилов и Горан Дачев, и од фотографијата: Андреј Гиновски и Влатко Чочоревски. (Куратор на изложбата беше А. Франговска.)

Театарската дејност беше исто така покриена со презентирање на двете театарски претстави: интерактивната провокативна претстава „Провокација“, по компилирано сценарио на Загорка Поп Антовска и Благица Секулоска; и "Slippery People" во продукција на „О“, а по сценарио на Викторија Рангелова Темова и режија на Стефан Цепаровски од Белград. Улогите ги толкуваа: Владимир Лазовски, Арна Шијак и Маја Вељковиќ. Како вовед во претставата „Провокација“ беше одржана и трибина, водена од проф. д-р Небојша Вилиќ на тема провокација, но во смисла на тоа колку денес уметноста може да провоцира (а очигледно сè потешко го чини тоа) и каде лежат причините.

Последен настан на ПроАртс фестивалот беше модната ревија. Беа презен-


*Маргарита Киселичка*

тира ни дела на 2 учеснички на модната работилницата и 2 студентки од Ателјето Ефтимов со нивните најнови модни достигнувања, а „шлаг“ на сето тоа беше солистичката модна ревија на машка долна облека - креации на самиот Никола Ефтимов, која како невообичаен настан кај нас беше дочекана со овации, пред сè од женскиот дел од публиката. Модната ревија беше проследена со брз ритам на ударни ориентални инструменти, мали комични изведби на пантомима и перформанси со боречки ориентални вештини. (Концептот на модната ревија беше на Е. Клинчаревска.)

Музиката беше исто така застапена на Фестивалот со вечерните концерти: Културно Уметнички Работници и Владимир Четкар Квартет, како и музичките



*Микица Трујкановиќ*

сесии и тоа: drum and bass session, rap session, ragga session, blues session, tehno session, goa trance session и retro session, со кои се завршуваше секојдневната програма.

Очигледно дека ваков вид настани се од големо значење, пред сè заради анимирањето на младиот дел од публиката, кој очигледно слабо ги следи редовните културни настани во Републикава, што поради неинформираност, а што поради незаинтересираност. На овој начин, на едно место и во исто време, се случуваа настани од различни области на уметноста, така што наедно постоеше можност за едуцирање, забавување и дружење. Останува надежта дека ваквите иницијативи ќе продолжат и ќе бидат поддржувани во иднина.

**Ана ФРАНГОВСКА**